Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 07.06.2023

На 06.06.2023 во 00.30 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(32) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Бит Пазар, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага со остатоци од кокаин. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.06.2023 околу 23.45 часот на бул.„АСНОМ" во Скопје, полициски службеници од ЕВР Аеродром и Драчево ги лишиле од слобода Е.К.(31) и Н.К.(24),двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека на истиот булевар со употреба на сила и алат отвориле возило „фолксваген кеди" со скопски регистарски ознаки и од него одзеле предмет, а се обиделе да го одземат и возилото. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава. Исто така, по преземени мерки било констатирано дека двајцата биле на издржување казна затвор во Казнено-поправната установа Затвор Идризово и до 09.06.2023 користеле отсуство.

На 06.06.2023 во 16.00 часот на ул.„Васил Ѓоргов" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар лишиле од слобода малолетник од Скопје. Тој бил затекнат при извршување тешка кражба во куќа на улицата. Малолетникот бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.06.2023 во 18.15 часот во трговски центар на улица „Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово привеле две малолетнички од Тетово и тетовско Селце. Тие биле фатени при извршување кражба во продажен објект. Украденото било вратено на сопственикот, а малолетничките биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.06.2023 во 09.45 часот во Струга, полициски службеници од ОВР Струга ги лишиле од слобода Д.У.(37) од Струга и Е.П.(46) од Куманово. Тие се сомничат дека извршиле „тешка кражба" во куќа во струшката населба Плитишта, при што одзеле повеќе предмети. Одземеното било пронајдено при преглед кај нив и при претрес, извршен со судска наредба, во домот на Д.У. во Струга. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.06.2023 во 00.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.К.(19) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.06.2023 во 13.00 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица ги лишиле од слобода М.А.(66) и М.Д.(67), двајцата од Струмица. Тие биле затекнати како со други лица вршат неовластена размена на парични средства, при што кај М.А. биле пронајдени и одземени различни валути во вкупна вредност од околу 1.000.000 денари, а кај М.Д. различни валути во вредност од околу 110.000 денари. По целосно документирање на случајот против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави поради сомнение за сторено кривично дело „неовластено продавање, купување готовински странски платежни средства и чекови" по член 55 од Законот за девизно работење.

На 06.06.2023 во с.Илино, ресенско, полициски службеници од ОВР Ресен пронашле патничко возило „југо" со охридски регистарски ознаки, за кое на 20.03.2023 во СВР Охрид, сопственикот пријавил дека му било одземено на ул.„Егејска" во Охрид. Возилото било вратено на сопственикот.

На 06.06.2023 во с.Забрчани, прилепско, полициски службеници од ОВР Прилеп – Полициско одделение Ропотово го лишиле од слобода Ц.Т.(76) од с.Забрчани затоа што кај него биле пронајдени и одземени ловечка пушка, пиштол „Црвена Застава", рамка за пиштол, ремен за пушка и куршуми. По целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.06.2023 во 15.30 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го лишиле од слобода Н.Т.(46) од Македонски Брод затоа што по извршена пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција било констатирано дека евидирал со мерка „апси" по барање на ОВР Македонски Брод. Тој бил предаден за спровод во Казнено-поправната установа Затвор Битола.

На 06.06.2023 во 19.15 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го лишиле од слобода Ш.Ш.(37) од Радовиш затоа што по извршена пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција било констатирано дека евидирал со мерка „апси" по барање на Основен суд Радовиш. Тој бил предаден за спровод во Казнено-поправната установа Затвор Струмица.

На 07.06.2023 во 03.50 часот на магистралниот пат А2, кај место викано „Добра вода", полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Франгово го лишиле од слобода К.Г.(30) од Република Албанија затоа што илегално влегол на територијата на РСМ, а при преглед кај него бил пронајден нож и бил приведен во полициска станица за понатамошна постапка.
Во текот на вчерашниот ден (06.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 369 возачи. Од нив 24 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 199 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 170 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (06.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 181 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 42 санкции, седум мерки за возење без возачка дозвола, 14 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, 15 санкции за непрописно престројување на возила, четири мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила, пет санкции за возење под дејство на алкохол...

Вчера (06.06.2023) во периодот од 12.00 до18.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 74 возачи . Од вкупно 74 возачи , 52 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 22 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 06.06.2023 во 13.50 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека на магистрален пат А-1, делница село Удово – село Марвинци, општина Валандово, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл со гевгелиски регистарски ознаки, управуван од М.К.(68) од село Пирава, валандовско и патничко возило „сузуки" со валандовски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(36) од село Јосифово, валандовско. Од здобиените повреди на местото починал мотоциклистот, а смрт констатирал од лекар од Здравствен дом Валандово. А.Д. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Гевгелија. Увид на местото на несреќата извршиле Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и екипа од Полициската станица Валандово.

На 06.06.2023 во 05.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат с.Количани-с.Драчево, скопско, патничко моторно возило „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С.(19) од Скопје, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката С.М.(18) од Скопје, а со телесни повреди се здобиле М.С. и уште две сопатнички М.Д.(20) и М.М.(18), двете од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.
На 06.06.2023 во 12.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.„Вук Караџиќ" во Куманово, патничко моторно возило „фолксваген голф" со кумановски регистарски ознаки, управувано од П.М.(77) од с.Долно Којнаре, кумановско, удрило во малолетен пешак. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот констатирани во Општата болница Куманово. Увид извршила екипа од СВР Куманово.

На 06.06.2023 во 16.45 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул.„Андон Шурков" во Велес се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „опел" со велешки регистарски ознаки, управувано од Н.С.(28) од Велес и мопед „априлија" со велешки регистарски ознаки, управуван од малолетник од Велес. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот констатирани во Општа болница Велес. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес.

На 06.06.2023 во 19.10 часот во Полициската станица Драчево, И.К.(35) од Скопје пријавила дека на ул.„Иван Хаџиниколов" била касната од куче скитник.

На 06.06.2023 во СВР Битола, Д.Ѓ.(69) од Битола пријавил дека кај место викано „Стара болница" во Битола бил каснат од куче скитник .

На 06.06.2023 во СВР Битола, С.С.(72) од Битола пријавил дека во Градски пазар во Битола бил каснат од куче скитник .

Денеска (07.06.2023) во 11.05 часот на ул.„Мехмет Гего" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје и од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Гази Баба го лишиле од слобода М.Б.(27) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 06.06.2023 во 16.50 часот во кругот на Полициската станица Тетово, со судска наредба, полициски службеници од СВР Тетово извршиле претрес на патничко возило „бмв" со гостиварски регистарски ознаки, кое на 02.06.2023 од улица „Видое Смилевски Бато" било донесено со пајак служба при постапување по акциска контрола, а возачот на возилото Г.Г.(32) од гостиварско Чегране бил приведен поради издржување на затворска казна, но одбивал да го отвори возилото за да се изврши претрес. При претресот, во присуство на сопственичката Б.Ш.(29) од гостиварска Долна Бањица, во багажот биле пронајдени марихуана, предмет со остатоци од кокаин и други предмети. Пронајденото било одземено и по документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 06.06.2023 во времето од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 43 прекршоци, од кои 32 надвор од населено место и 11 во населено место. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 3 за технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за возач почетник, 2 за некористење сигурносен појас и 2 за некористење заштитна кацига.

На 06.06.2023 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле санкционирани 52 прекршоци (ТЕ-37 и ГВ-15) надвор од населено место. На прекршителите им биле изготвени соодветни платни налози. Исто така, во текот на оваа акциска контрола биле констатирани и 5 останати прекршоци (ТЕ-1 и ГВ-4)

На 06.06.2023 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 61 возачи кои возеле со брзина поголема од дозволената (Охрид-08, Струга-10, Кичево-40, Дебар-03).

На 06.06.2023 во Ресен, полициски службеници од ОВР Ресен го лишиле од слобода И.М. (63) од Ресен затоа што во зградата на општина Ресен физички нападнал вработен во Одделението за урбанизам во општина Ресен. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.06.2023, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода И.А.(63) од кичевско село затоа што физички ја нападнал неговата сопруга и малолетниот внук. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.06.2023 во 14.00 часот во СВР Тетово, А.Р.(38) тетовско Синичане пријавил дека бил измамен од едно женско лице за сума од 350 евра. Според пријавеното, тие се договориле со лицето, вработено во авто школа да му помогне при полагање на возачки испит, но договореното не било завршено, по што таа не му се јавувала на телефонските повици и сфатил дека бил измамен. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.06.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје, М.П.(27) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од едно лице, кое употребило и остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2023 во 20.45 часот во Полициската станица Карпош, вработен во Јавна установа за згрижување на деца - Влае 3 пријавил дека малолетен штитеник на установата бил физички нападнат од неколку, исто така, малолетни лица, штитеници на установата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Ј.(26) и М.Т.(33), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.06.2023 во 19.55 часот во СВР Скопје, О.М.(34) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од С.И.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2023 во 12.50 часот во СВР Скопје, П.Ж.(69) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Аеродром била физички нападната од нејзиниот сосед Д.П.(51) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.06.2023 во СВР Охрид е пријавено дека во стан на улицата „Лазо Трпоски" во Охрид, сопственост на М.С.(42) од Прилеп, настанал пожар. Повредени лица нема, а интервенирала Територијалната противпожарна единица од Охрид.

Денеска (07.06.2023) околу 09.30 часот пријавено е дека во експозитура на банка во трговски центар на подрачјето на Центар едно лице со закана со пиштол одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2023 во 23.50 часот во Полициското одделение Теарце, 31-годишната Ш.А. од тетовско Теарце пријавила дека околу 19.30 часот во селото била нападната од неколку кучиња скитници, при што паднала и се здобила со повреди.

На 06.06.2023 во 09.10 часот во СВР Куманово, Л.Д.(66) пријавил дека на плоштадот „Маршал Тито" во Куманово бил каснат од куче скитник.

На 06.06.2023 во 16.15 часот, Д.Б.(32) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Мечкин камен" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Џ.Б.(19) од с.Ангелци, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". Пријавениот на социјалната мрежа Фејсбук креирал лажен профил на име на негова поранешна вонбрачна сопруга и поставил компромитирачка фотографија од неа.

Одделението за прекуграничен криминал Куманово при Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Џ.З.(30) од Ресен поради постоење основи на сомнение за сторено кривичното дело „фалсификување исправа". На 30.05.2023 на Граничен премин Табановце, пријавениот приложил фалсификувана словенечка возачка дозвола.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.С.(40) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „проневера во службата". Во текот на 2021 година, пријавениот, во својство на вработено лице во општина Тетово, противправно за себе присвоил мобилен телефон со вредност од 108.000 денари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.М.(57) од Брвеница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Во текот на 2019 година, пријавениот преку брз трансфер на пари и преку неговите трансакциски сметки во повеќе банки во државата се стекнал со прилив во вкупен износ од 4.686.077 денари, за кои не поднел задолжителна годишна даночна пријава во Управата за јавни приходи согласно член 52 став 2 од Законот за даночна постапка, со што не ја подмирил даночната обврска од 10% на наведената сума, предвидена во член 12 од Законот за персонален данок на доход. Со ваквите дејствија пријавениот извршил затајување на данок за 2019 година во вкупен износ од 468.607 денари.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет